**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-97/6**

**Скопје, 13.02. 2008 година**

**ДО**
**ДИРЕКТОРОТ НА ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ**
**„АЦО РУСКОВСКИ“ БЕРОВО**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за самофинансирачки активности (787) на општинско средно училиште (ОСУ) „Ацо Русковски“ Берово за 2006 година, кои се прикажани на страните од 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту е издаден извештај за финансиските извештаи на сметката за самофинансирачки активности на општинското средно училиште „Ацо Русковски“ Берово за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Стево Суџуковиќ, директор со неограничени овластувања до 21.12.2006 и
- Ефтим Гашчеовски, вршител на должноста директор од 21.12.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 27.11.2007 до 28.11.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10. 1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Наодот од точка 10.1.1. од Конечниот извештај за Сметката на буџет на дотации (903) кај ОСУ „Ацо Русковски„ Берово во делот на неправилна примена на акти се однесува и за сметката на буџетот на самофинасирачки активности.

**10. 2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Во сметководството и Билансот на состојба искажаните состојби на одредени позиции не соодвествуваат и тоа: Паричните средства и Дел од вишокот на приходи за пренос во наредната година, Побарувања со Пасивните временски разграничувања, Активните временски разграничувања со Краткорочните обврски и Постојаните средства со состојбата на Државниот – јавен капитал. Тоа е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, а произлегува од пресметковниот начин на водење на сметководството во изминатите години.
**Препорака:**
Лицето задолжено за водење на сметководствената евиденција да преземе мерки и активности за разрешување на овие состојби согласно одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

**10. 3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.3.1. Буџетскиот корисник искажал приходи во поголем износ од 426 илјади денари и расходи во поголем износ од 390 илјади денари заради пресметковно искажување на истите, со цел да не се искаже вишокот на приходи над расходи во финансиските извештаи. Неискажување на приходите и расходите врз основа на сметководствениот начин на парично искажување има за ефект погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на погрешни финансиски извештаи.
**Препорака:**
Евиденцијата на приходите и расходите да се воспостави по принципот на парично искажување на промените во сметководството.

**10. 4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.4.1. Ревизијата се воздржува од давање мислење за реалноста и објективноста на состојбата на паричните средства искажани на сметката Благајна поради следното:

- состојбата на сметката Благајна искажана во годишната сметка на ден 31.12.2005 година и на 31.12.2006 година се разликува од состојбата искажана во аналитичката картица, бруто билансот и пописот за 2005 година и 2006 година;
- изготвените благајнички документи ( каса прими и каса исплати) се изготвени без хронолошки броеви;
- наплатените средства во готово не се уплатуваат на сметката за самофинансирачки активности;
- паричните средства кои не се потрошени и се наоѓаат во благајната на 31 декември 2006 година, не се вратени во корист на сметката за самофинансирачки активности во рамки на трезорот.

Таквиот начин на благајничко работење и располагање со готовите пари може да доведе до ненаменско трошење на средствата погрешно проценување на билансите позиции и изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

- наплатените средства во готово истиот или најдоцна наредниот ден да се уплатуваат на сметката и за истите трансакции ажурно да се изготвуваат сметководствени документи;
- паричните средства примени во готово да не се трошат за плаќање на сметки по било кој основ.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1. до 10.4. финансиските извештаи на сметката за самофинансирачки активности на ОСУ „Ацо Русковски“ Берово не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на ден 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точка 10.1. кај сметката за самофинансирачки активности на ОСУ „Ацо Русковски“ Берово остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје, 12.02.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## ОСУ „АЦО РУСКОВСКИ“ БЕРОВО

## СМЕТКА ЗА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (787)
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1 | 540 | 874 |
| Трансфери и донации | | 0 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **540** | **874** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | | 0 | 4 |
| Стоки и услуги | 3.2.1 | 540 | 649 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **540** | **653** |
| **Вкупно расходи** | | **540** | **653** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **221** |

**ОСУ „АЦО РУСКОВСКИ“ БЕРОВО**
**СМЕТКА ЗА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (787)**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 27 | 293 |
| Побарувања | 4.1.2 | 186 | 8 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3 | 13 | 77 |
| Залихи | 4.1.4 | 11 | 11 |
| **Вкупно тековни средства** | | **237** | **389** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | | |
| Капитални (материјални) средства | 4.2.1 | 276 | 476 |
| **Вкупно капитални средства** | | **276** | **476** |
| **Вкупна актива** | | **513** | **865** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 96 | 87 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2 | 60 | 0 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **156** | **87** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.3.3 | 357 | 778 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **357** | **778** |
| **Вкупна пасива** | | **513** | **865** |

**ОСУ „АЦО РУСКОВСКИ“ БЕРОВО**
**СМЕТКА ЗА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ (787)**
**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **778** | **778** |
| **Намалување по основ на:** | **421** | **421** |
| Отпис на капитални средства | 221 | 221 |
| Амортизација | 200 | 200 |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **357** | **357** |